**eurolink**
ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. СКОПЈЕ

достапни 24
02 / 15888

Почитувани осигуреници,

Би сакале да ве известиме дека, согласно со измените на Законот за безбедност во сообраќајот (Службен весник на РМ бр.54/07, 15/08, 128/08 и 64/09), во случај на сообраќајна незгода веднаш повикувате полициски службеници од Министерството за внатрешни работи **или** пополнувате Европски извештај за сообраќајна незгода.

**Задолжително** треба да повикате полициски службеници од Министерството за внатрешни работи во следниве случаи:

- предизвикана е голема материјална штета на возилата (кога се оштетени виталните делови за управување и запирање и возилото не може самостојно да се движи);
- учесниците **не се согласни** за начинот, околностите под кои се случила сообраќајната незгода и одговорноста за истата;
- едно од возилата кои учествувале во сообраќајната незгода нема важечка полиса за осигурување од автомобилска одговорност односно е неосигурено;
- едно од возилата кои учествувале во сообраќајната незгода нема регистарски таблички;
- едно од возилата кои учествувале во сообраќајната незгода е со странска регистарска табличка;
- еден од возачите на возилата кои учествувале во сообраќајната незгода е под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанци;
- еден од возачите на возилата кои учествувале во сообраќајната незгода нема важечка возачка дозвола;
- возачите на возилата кои учествувале во сообраќајната незгода одбиваат да ги дадат личните податоци и податоците за возилата;
- еден од двајцата учесници заминал од местото на сообраќајната незгода;
- во сообраќајната незгода има повредени или загинати лица.

Во сите останати случаи кога не е исполнет ниту еден предуслов за повикување полициски службеници од Министерството за внатрешни работи, уредно го пополнувате Европскиот извештај за сообраќајни незгоди што Ви се врачува со потпишување на полисата за осигурување од автомобилска одговорност.

Пополнувањето на Европскиот извештај се врши согласно со упатствата во одделот 3, отпечатени на опачината на Европскиот извештај за сообраќајна незгода.

Ви укажуваме дека, за навремено и ефикасно постапување по поднесените барања за надомест на штета, неопходно е точно и прецизно да ги исцртате позициите и правците на движења на возилата.

Со почит,

Еуролинк Осигурување

www.eurolink.com.mk

За сите информации околу постапување во случај на сообраќајна незгода обратете ни се на нашата отворена телефонска линија или контактирајте не во нашата најблиска подружница или канцеларија.

***достапни***

**24**

***02 / 15888***

**НАПОМЕНА:** По пополнување на Европскиот извештај, учесниците во сообраќајната незгода заедно со возилата треба да се упатат во осигурителната компанија, каде што е осигурено возилото со кое е предизвикана сообраќајната незгода, а заради регулирање на настанатата штета.

ЕУРОЛИНК Осигурување АД - Скопје
27-ми Март бр. 2, 1000 Скопје, Република Македонија, тел. (02) 32 89 301, факс (02) 32 31 625, e-mail: eurolink@eurolink.com.mk

**Подружници:** Битола (047) 242 925, Охрид (046) 265 588, Штип (032) 384 151, Гевгелија (034) 213 474, Струмица (034) 340 629, Кавадарци (043) 420 862, Гостивар (042) 221 771, Прилеп (048) 420 071, Кочани (033) 270 082, Куманово (031) 439 560 Тетово (044) 353 270, Велес (043) 211 620

**Канцеларии:** Скопје – Тафталиџе (02) 3091 203, Неготино (043) 371 534, Демир Хисар (047) 275 024, Струга (046) 786 026, Ресен (047) 455 666, Кичево (045) 224 730, Валандово (034) 383 683, Радовиш (032) 630 266, Виница (033)360 310, Македонски Брод (045) 274 230, Делчево (033) 410 330, Богданци (034)221 091

eurolink
ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ ЕВРОПСКИ ИЗВЕШТАЈ